**А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА**
Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија

**Т.10**

**СОБРАНИЕ НА АД**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на чл. 504, став 1 и 2, од Законот за трговските друштва, а согласно правосилното Решение на Основниот Граѓански суд Скопје ВПП-434/21 од 02.02.2023, Собранието на Акционерското друштво на седницата одржана на ден 30.05.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## За отпочнување на изготвување на консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје

1.АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје се обврзува да отпочне со изготвување на консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи со ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности-Скопје, согласно член 504 став 1 од Законот за трговски друштва, во деловната 2025 година, сметано од стапувањето во сила на оваа одлука.

2.Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е:**

Пред Основниот Граѓански суд Скопје се водеше постапка за утврдување на преовладувачко влијание согласно чл.496 став 1 т.3 и став 3 од Законот за трговските друштва помеѓу АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје и ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности-Скопје на Предлог од Комисијата за хартии од вредност на РСМ.
На ден 02.02.2023 година од страна на Основниот Граѓански суд беше донесено Решение ВПП-434/21 со кое се утврдува постоење на преовладувачко влијание на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје над ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности-Скопје.
Апелациониот суд-Скопје со Решение ТСЖ-1767/23 од 21.11.2024 година го потврди Решението на Основен Граѓански суд ВПП-434/21 од 02.02.2023 со кое се утврдува постоење на преовладувачко влијание на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје над ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности-Скопје при што истото стана правосилно.
Врз основа на наведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**